ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски”-с.Сандево, Скопје



Јули 2024

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски"-с.Сандево, Скопје

А. ЦЕЛИ:

1. Совладување и проширување на знаењата;

2. Примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина;

3. Запознавање со природните убавини, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во поблиската и поширокатa околина, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

Активност	Време на изведување	Релација	Одделение
Еднодневен есенски излет	октомври	Пелинце	II– IX одд.
Еднодневен пролетен излет	мај	СВ.Арханѓел Михаил-с.Кучевиште	I – IX одд.
Тридневна екскурзија	мај	Скопје-Велес-Прилеп-Битола-Охрид-Вевчани-Кичево-Гостивар-Тетово-Скопје	IX одд.
Дводневна екскурзија	мај	Скопје–Куманово-Крива Паланка – Пробиштип-Радовиш-Дојран-Струмица-Велес-Скопје	VI одд.
Настава во природа	мај	Скопје-Велес-Прилеп-Битола-Охрид-Вевчани-Кичево-Гостивар-Тетово-Скопје	V одд
Еднодневна екскурзија	мај	Маврово	III одд.

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски"-с.Сандево, Скопје

Б. РАСПОРЕД НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

1. ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

Локалитет: Пелинце

Време на реализација: октомври
Одделение: од II до IX одделение

Цели и задачи:

1. Стекнување и проширување на знаењата за локалитетот;
2. Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
3. Развивање на дружељубивост, другарство, позитивни карактерни особини;
4. Подигање на еколошката свест

Реализација на целите и задачите:

- Посетата и разгледувањето на околината ќе им овозможи на учениците да го осознаат непроценливото општокорисно значење на карактеристичниот пејсаж ;
- Со престојот на овој локалитет, учениците ќе имаат можност да ги прошират своите сознанија;
- Развивање на другарство, унапредување на позитивни карактерни особини преку меѓусебно дружење, играње на разни игри со правила, водење грижа за себе и групата;
- Учениците ќе спортуваат и ќе се рекреираат во чиста и незагадена природ;
- Учениците ќе ја подигнат еколошката свест преку унапредување на навики за одржување на чистата природа, нејзина заштита и складирање на отпадоците на одредени места.

Раководител на екскурзијата: Директорот на училиштето

Одговорни наставници: одделенските наставници и одделенските раководители.

Правци на патување: с.Сандево – Пелинце-с.Сандево

Техничка организација: Безбедни патнички автобуси, лекар

Начин на финансирање: Превозот е финансиран од училиштето

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски"-с.Сандево, Скопје

2. ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

Одделение: од I до IX одделение

Локалитет: Св.Арханѓел Михаил - с.Кучевиште

Време на реализација: мај

Цел и задачи :

- Запознавање со природните убавини на манастирот и неговата околина;
- стекнување и проширување на знаењата од географија;
- рекреација во природа;
- развивање на еколошка свест и навики.

Реализација на целите и задачите:

- Преку престојот во манастирот Св.Арханѓел Михаил и неговата околина, учениците ќе се запознаат со природните убавини, како што се чистата шумска вегетација, ливадите;
- Ќе го посетат манастирот и ќе се запознат со неговиот настанок;
- Преку воочување на значењето на чистата природа за здравјето на човекот, ќе се однесуваат еколошки одговорно, водејќи грижа за нејзиното зачувување и незагадување;
- Развивање интерес за спортски активности и здраво живеење.

Раководител на екскурзијата: Директорот на училиштето

Одговорни наставници: одделенските наставници и одделенските раководители.

Правци на патување: с.Сандево- с.Глуво -с.Сандево

Техничка организација: Училишен превоз

Начин на финансирање: Превозот е финансиран од училиштето

ПРОГРАМА За реализација на еднодневна екскурзија за учениците од III одделение во учебната 2024/2025 год

Место на реализација: Скопје - Маврово - Скопје

Време за реализација: мај 2025 г.

Врз основа на член 42 став 1 од Законот за основното образование (,,Службен весник на РСМ. бр.161/2019). Министерот за образование донесе Правилник за начинот на

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски"-с.Сандево, Скопје

изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта

Врз основа на годишната програма за работа ООУ „Александар Урдаревски" с.Сандево училиштето за учебната 2024/2025 год. и со одлука на училишниот одбор се изготви Програма за реализација на еднодневна екскурзија со воспитно- образовен карактер за учениците од III (трето) за учебната 2024/2025.

Раководители на екскурзијата

1.Сузе Велковска Радевска– Директор

2. Одд. раководител на III одд- Јулијана Јакимовска

Податоци за екскурзијата

ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Со реализација на оваа екскурзија со општествено воспитно – образовен карактер ќе се потврдат и утврдат веќе стекнатите знаења, односно учениците треба да усвојат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења за растенијата и животните, како и да се продлабочи интересот за понатамошно изучување на живата и неживата природа, дружење и забавата.

ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

- Рекреација на учениците на отворен простор;
- Унапредување на еколошката свест.

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ

- Учениците ќе се рекреираат на отворен простор со реализација на основни спортски активности;
- Учениците ќе ги унапредат еколошките навики преку водење грижа за природата и складирање на отпадоците на одредени места;
- Забава и дружење во текот на екскурзијата.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Екскурзијата со воспитно-образовен карактер за учениците од III одделение ќе се реализира во месец мај во траење од еден ден.

ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТУВАЊЕ И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

- Правец на патување: Скопје - Маврово - Скопје
- Тргање во 8:30 часот од пред училиште релација с.Сандево - Маврово - Скопје
- Враќање во 15 часот во попладневните часови

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски"-с.Сандево, Скопје

Техничка организација:

Согласно Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, ООУ„Александар Урдаревски" с.Сандево ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на еднодневниот излет со објавување на јавен оглас во најмалку два весника.

Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители од генерацијата за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците.

Еднодневната екскурзија за учениците од III одделение во учебната 2024/2025 година, ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија за избор на најповолна понуда и која ќе ги исполнува сите потребни пропишани критериуми.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителот - старателот, а за некои ученици коишто се материјално загрозени агенцијата ќе ги покрие трошоците. Екскурзијата ќе ја реализира туристичка агенција којашто ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми од објавениот тендер од страна на ООУ „Александар Урдаревски" с.Сандево. За обезбедување на учениците ќе се грижат класните раководители на третите одделенија.

ПРОГРАМА За реализација на тридневна екскурзија за учениците од IX одделение во учебната 2024/2025 година

Место на изведување: Охрид

Време за изведување: мај 2025 г.

Врз основа на Член 42, Став 1, од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ. бр.116/2019). Министерот за образование и наука донесе правилник за начин на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски"-с.Сандево, Скопје

Врз основа на годишната програма за работа ООУ „Александар Урдаревски" с.Сандево училиштето за учебната 2024/2025 год. и со одлука на училишниот одбор се изготви Програма за реализација на тридневна екскурзија со воспитно- образовен карактер за учениците од IX (деветто) за учебната 2024/2025.

Стручниот тим на екскурзијата го сочинуваат:

1.Сузе Велковска Радевска –Директор

2. Одд. раководител на IXа – Верче Славковиќ

3. Одд. раководител на IXб – Николина Ѓорчевска

Податоци за екскурзијата

ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Со реализација на оваа екскурзија со општествено воспитно – образовен карактер ќе се потврдат и утврдат веќе стекнатите знаења,односно учениците треба да усвојат суштински,систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, да придонесат за разгледување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави како и да се продлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси, дружењето и забавата.

ЗАДАЧИ

Образовни:

- Да се утврдат основните знаења за историските настани, појави, процеси и личности од националната историја;
- Да се запознаат со остатоците од нашето блиско и далечно минато и нивното значење;
- Да се цени културното наследство на својот народ, а со тоа и другите народи кои живеат во овие простори;
- Да се поттикнува чување, негување и презентирање на културните вредности.

Воспитни:

- Развивање на љубов кон татковината и нејзините вредности;
- Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики;
- Развивање љубов кон изучување на историјата;
- Поттикнување и исполнување на позитивни и емоционални доживувања;
- Социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Градење чувство за патриотизам.

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски”-с.Сандево, Скопје

ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Екскурзијата со воспитно-образовен карактер за учениците од IX одделение ќе се реализира во времетраење од три дена.

ЛОКАЦИЈА ЗА ПОСЕТУВАЊЕ И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

1 ден:

2 Поаѓање во 8 часот пред училиште – патувањето е преку Велес во Прилеп - Маркови Кули , со посета на Крушево -Спомен куќата на Тодор Проески, Спомениkот Македониум, посета на Битола- Широк сокак и Хераклеа, Ресен - Охрид. Пристигнување во Охрид и сместување во хотел, вечера и ноќевање.

2 ден:

- Појадок и посета на Манастирот „Св Наум Охридски “ и Заливот на коските, враќање во хотел, ручек, слободно време, вечера и ноќевање.

3 ден

- Појадок, посета на градот Охрид Лихнидос, Стари град, Антички театар, Плаошник и Самуилова тврдина, Црква „ Св. Софија “ - Охрид, Црква, Св. Јован Богослов”- Канео, враќање во хотелот и ручек. Потоа посета на Вевчани и враќање за Скопје преку Кичево, Гостивар, Тетово во вечерните часови.

ОБЈЕКТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ

Сместување во хотели со најмалку 3* на крајбрежјето на Охридското езеро. Објектите да ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на самиот објект. Хотелите да располагаат со соодветен број на соби, двокреветни и трокреветни за да се сместат учениците. Овие хотели да содржат добро организиран простор за одржување на лична хигиена како и соодветни училници за изведување на настава. Хигиената во објектите, кујните и другите простории се одржуваат на високо ниво, а убавите трпезарии и другите пропратни простории ќе придонесат за пријатен престој на учениците. Исто така хотелите да располагаат со спортски објетки и терени во непосредна околина за непречено реализирање на спортско рекреативните активности- кошарка, одбојка, и други спортски натпреварување мегу учениците. Вечерниот културно забавен живот на учениците исто така ќе се реализира во објектите кои нудат добри услови и простор за таа намена.

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски"-с.Сандево, Скопје

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителот – старателот, а за некои ученици коишто се материјално загрозени агенцијата ги покрива трошоците.

Екскурзијата ќе ја реализира туристичка агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми од објавениот тендер од страна на ООУ „Александар Урдаревски" с.Сандево.

ПРОГРАМА За реализација на дводневна екскурзија за учениците од VI одделение во учебната 2024/2025 год.

Место на изведување: Дојран

Време за изведување: мај 2025 година

Врз основа на Член 42, Став 1, од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М. бр.161/2019). Министерот за образование и наука донесе правилник за начин на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

Врз основа на годишната програма за работа ООУ „Александар Урдаревски" с.Сандево училиштето за учебната 2024/2025 год. и со одлука на училишниот одбор се изготви Програма за реализација на дводневна екскурзија со воспитно- образовен карактер за учениците од VI (шесто) за учебната 2024/2025.

Раководители на екскурзијата

1.Сузе Велковска Радевска – Директор

3. Одд. раководител на VI-а одд- Зорица Силјановска и одд. раководител на VI-б одд

Податоци за екскурзијата

ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Со реализација на оваа екскурзија со општествено воспитно – образовен карактер ќе се потврдат и утврдат веќе стекнатите знаења,односно учениците треба да усвојат суштински,систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, да

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски"-с.Сандево, Скопје

придонесат за разгледување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави како и да се продлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси, дружењето и забавата.

ЗАДАЧИ

Воспитно образовни задачи:

- Да се оспособат са составуваат вест и извештај;
- Да се запознаат со остатоците од нашето блиско и далечно минато и нивното значење;
- Да набројуваат остатоци од материјалната култура во Источна Македонија;
- Да се запознаат со антички локалитети од VII век пр.н.е.;
- Да се оспособат да објаснуваат за различните култури и нивните карактеристики;
- Да умее да ги наброи и опише различни религии;
- Да умее да ги објаснува поимите река,езеро и водопад;
- Да се оспособи да ги објаснува елементите кај реките и езерата;
- Развивање на љубов кон татковината и нејзините вредности;
- Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики;
- Развивање љубов кон изучување на историјата;
- Поттикнување и исполнување на позитивни и емоционални доживувања;
- Социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Градење чувство за патриотизам.

Содржина на активности

- Посета на манастири, цркви и други знаменитости;
- Разговори со кустоси, свештени лица, локално население и водичот;
- Спортски активности;
- Забава и дружење во текот на екскурзијата.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Екскурзијата со воспитно-образовен карактер за учениците од VI одделение ќе се реализира во месец мај во времетраење од два дена.

ЛОКАЦИЈА ЗА ПОСЕТУВАЊЕ И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

1 ден:

- Поаѓање во $8.^{00}$ часот пред училиште – патувањето е кон Дојран со посета на Куманово, с.Куклице, Пелинци, потоа патување кон Крива Паланка и посета на манастирот Св.Јоаким Осоговски, потоа патување кон Пробиштип посета на

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски"-с.Сандево, Скопје

Лесновски Манастир па потоа кон Радовиш посета на црква Св.Тројца, патување и сместување во Дојран во хотел, вечера и ноќевање.

2 ден:

- Појадок и разгледување на градот, патување кон Струмица посета на Смоларските водопади и посета на манастирите „Вељуса" и „Водоча".
- Тргнување за Скопје по ручекот преку Велес со посета на спомен куќа на Кочо Рацин.
- Враќање за Скопје во вечерните часови.

ОБЈЕКТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ

Хотелите да се наоѓаат во градот Струмица. Објектите да ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на самиот објект. Хотелите да располагаат со соодветен број на соби, двокреветни и трокреветни за да се сместат учениците. Овие хотели да содржат добро организиран простор за одржување на лична хигиена како и соодветни училници за изведување на настава. Хигиената во објектите, кујните и другите простории се одржуваат на високо ниво, а убавите трпезарии и другите пропратни простории ќе придонесат за пријатен престој на учениците. Вечерниот културно забавен живот на учениците исто така ке се реализира во објектите кои нудат добри услови и простор за таа намена.

Техничка организација:

Согласно Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, ООУ„Александар Урдаревски" с.Сандево ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на еднодневниот излет со објавување на јавен оглас во најмалку два весника.

Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Дводневната екскурзија за учениците од VI одделение во учебната 2024/2025 година ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија за избор на најповолна понуда и која ќе ги исполнува сите потребни пропишани критериуми.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителот – старателот, а за некои ученици коишто се материјално загрозени агенцијата ги покрива трошоците.

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски"-с.Сандево, Скопје

Екскурзијата ќе ја реализира туристичка агенција којашто ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми од објавениот тендер од страна на ООУ „Александар Урдаревски" с.Сандево

П Р О Г Р А М А За организирање и реализирање на наставата во природа за учебната 2024/2025 за ученицие од V одделение

Место на изведување: Охрид

Време за изведување: Мај 2025 год.

. Врз основа на Член 42, Став 1, од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М. бр.161/2019). Министерот за образование и наука донесе правилник за начин на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта Врз основа на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година и со одлука на Училишниот одбор се изготви Програмата за реализација на настава во природа за петто одделение 2024/2025 година.

Раководители на наставата во природа

1.Сузе Велковска Радевска –Директор

2. Одд. наставник на V –а одд.- Наташа Кипријановиќ и V –б одд.-Илинче Митева

ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА

Воспитно – образовни цели

- запознавање со природното, културното и историското наследство на посетените места;
- развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;
- почитување на традицијата и културното наследство на својата заедница и другите заедници;
- градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции; социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- негување и развивање на индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста*;*
- применување на познатите техники за учење во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, споредување, истражување, анализирање и сл.);

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски”-с.Сандево, Скопје

- воспоставување, развивање и негување на пријателството-другарството и колективниот дух;
- развивање на натпреварувачкиот дух;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики на здраво живеење и здраво тело;
- грижа за сопственото здравје, развивање хигиенски и културни навики;
- подобрување на психо-физичката состојба на учениците;
- развивање на еколошката свест;
- формирање навики за организирано културно користење на слободното време.
- Да се оспособат за правилно усно и писмено изразување според доживеан настан, со примена на што повеќе придавки и правилно формулирани реченици, при тоа запазувајќи ги изучените граматички и правописни правила.
- Да анализираат песна со примена на повеќе техники од јазична писменост.
- Да се оспособат за литературно творење по набљудување со примена на техники од јазична писменост, при тоа запазувајќи ги изучените граматички и правописни правила
- Да се оспособат за прибирање, средување и читање на податоци и да цртаат едноставни линиски дијаграми, пр: за да ја прикаже промената на температурата.
- Одговара на прашања за собирање, селекција и организирање на релевантни податоци. Извлекува заклучоци од сопствените и податоците на другите и идентификува дополнителни прашања
- Да се оспособат за прибирање, средување и читање на податоци и да цртаат столбест дијаграм за да го прикажат најомилениот спорт кај учениците од петтите одделенија.
- Да ја усвојат песната и да се поттикнува интересот и навиката за слушање на народна музика и пеење
- Да ги увежбаат чекорите на македонското народно оро и да се поттикнува интересот за слушање народна музика и играње оро
- Да ги совладуваат правилата на штафетните игри, да ги почитуваат правилата на игра и фер-плеј однесување. Да се развива целокупната мускулатура и да се поттикнува спортскиот дух и навики.
- Да развива култура на однесување во спортување (како учесник и навивач, победен и поразен) и да се поттикнуваат спортските навики.
- Да се запознае со минатото и културно-историските вредности на РСМ, преку посета на културни, историски, верски објекти, археолошки наоѓалишта и стара архитектура на Охрид.
- Да слика според набљудување, што поблиску до реалноста.
- Да ги анализираат ликовните творби (начинот на ликовното изразување).

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски”-с.Сандево, Скопје

ЗАДАЧИ:

- Непосредно запознавање на нашето културно-историско наследство
- Проширување на знаењата за природните езера, нивната искористеност како и грижата за нивна заштита од загадување
- проширување на знаењата за флора и фауна во Охридското Езеро
- Запознавање со градовите Струга и Охрид и специфичностата на македонската архитектура
- Развивање: љубопитност, досетливост, упорност и истрајност, свест за зачувување на природата, природните реткости и други духовни и материјални вредности;
- Проширување на знаењата за историското минато на нашиот народ.

СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ

- Западна Македонија – градови, реки, планини, кањон, извор ,езера, музеи, средновековни градби, цркви,манастири.
- набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите;
- собирање на материјали и податоци со географските содржини од секој посебен објект;
- организирање на спортски и други рекреативни игри.

(образование; екологија; лековити и ароматични растенија; споменици на културата; спорт и рекреација; производно корисна и друга работа; разонода, забава)

Учениците ќе престојуваат во Охрид, во установа во која има простории за изведување на планираните активности за секој работен ден, по предходно реализираната посета на определени локалитети и атрактивни места.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Наставата во природа за V одделение ке се реализира во мај 2025 год. во времетраење од 3 дена.

МЕСТО НА ИЗВЕДУВАЊЕ

Местото на изведување на настава во природа – Охрид е избрано за да може учениците да се запознаат со западниот дел на нашата татковина, со прекрасните убавини на Охридското Езеро, со карактеристиките на релјефот (ридче, рид, планина, котлина, поле, река, селска населба и друго), а исто така учениците да се запознаат со животинскиот и растителниот свет, со поими непосредно поврзани со сообраќајот, со стопанските објекти, со животот и работата на лугето во регионот, со богатствата на земјата, со минатото на овој регион на нашата татковина.

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски"-с.Сандево, Скопје

ОБЈЕКТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ

Одмаралиштето да се наоѓа во градот сместено на крајбрежјето на Охридското Езеро. Објектите да ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на самите објекти. Одмаралиштето да располага со соодветен број на соби, двокреветни и трикреветни, за да се сместат учениците. Овие одмаралишта да содржат добро организиран простор за одржување на лична хигиена, како и соодветни училници за изведување на настава. Хигиената во објектите, кујните и другите простории се одржува на високо ниво, а убавата трпезариија и другите пропратни простории ќе придонесат за пријатен престој на учениците. Исто така одмаралиштата да располагаат со спортски објетки и терени во непосредна околина, за непречено реализирање на спортско-рекреативните активности (кошарка, одбојка и други спортски натпреварувања меѓу учениците). Вечерниот културно- забавен живот на учениците исто така ќе се реализира во објектите кои нудат добри услови и простор за таа намена.

ЛОКАЦИИ НА ПАТУВАЊЕ

1 ден:

- Поаѓање во 8 часот пред училиште – патувањето е преку Тетово со посета на Шарена џамија и Тетовско кале, панорамско разгледување на Гостивар. Посета на Бигорски манастир „ Св. Јован Крстител" и посета на Манстир „ Св. Георги Победоносец"- Рајчица. Посета на Вевчани и Вевчански извори, градот Струга и пристигнување во Охрид и сместување во одморалиште, вечера и ноќевање

2 ден:

- Појадок и посета на градот Охрид Лихнидос, Стари град, Антички театар, Плаошник и Самуилова тврдина, Црква „ Св. Софија " - Охрид, Црква,Св. Јован Богослов"-Канео, враќање во одморалиште, ручек, слободно време за реализирање на планирани активности, вечера и ноќевање.

3 ден:

- Појадок, посета на Манастир „Св Наум Охридски" враќање во одмаралиштето за ручек,
- Враќање за Скопје во вечерните часови.

<u>Првиот ден</u>

1.Македонски јазик

Содржина: Користење на техниката 4 агли или писмена вежба „Опишување на доживеан настан од првиот ден на патувањето" (работа во парови, избор на парот)

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски"-с.Сандево, Скопје

2. Творештво

Содржина- Музика и движење, играње македонски народни ора

Втор ден

2.Математика

Содржина: Прибирање и средување податоци и цртање на табели и линиски дијаграми за температурите во Охрид во текот на денот (работа во групи)

2. Ликовно образование

Цел: Развивање на естетиката кај учениците, забележување и сликање на детали на природата, умее да користи градација на тоновите, развивање истрајност и упорност во работата.

Содржина: Сликање на езерски пејзаж на Охридското Езеро

3. Ликовно образование

Содржина: Довршување, изложба и естетска анализа на цртежите.

4.Физичко и здравствено образование

Содржина: Штафетни игри.

Техничка организација:

Согласно Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, ООУ„Александар Урдаревски" с.Сандево ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на еднодневниот излет со објавување на јавен оглас во најмалку два весника.

Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Настава во природа за учениците од V одделение во учебната 2024/2025 год. ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија за избор на најповолна понуда и која ќе ги исполнува сите потребни пропишани критериуми.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Наставата во природа ќе биде финансирана од страна на родителите-старателите.

Наставата во природа ќе ја реализира туристичка агенција која ќе биде избрана од училишната комисија и која што ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми.

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

во учебната 2024/2025 година

ООУ,,Александар Урдаревски”-с.Сандево, Скопје

Стручен тим кој ја изработи програмата:

1. Сузе Велковска Радевска
2. Верче Славковиќ
3. Наташа Ќипријановиќ
4. Николина Ѓорчевска
5. Илинче Митева
6. Јулијана Јакимовска
7. Зорица Силјановска